Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 32/2022
15.03 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 13 од Договорот за Основање на Институтот за општествени и хуманистички науки од Скопје, Собранието на основачите на седницата одржана на 15.03.2022 година, го донесе следниов:

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

**СТАТУТ**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредува називот, седиштето, дејноста, организацијата, раководењето, застапувањето, општите акти како и другите прашања поврзани со работата на Инситутот за општествени и хуманистички науки од Скопје.

Член 2

Институтот за општествени и хуманистички науки од Скопје е непрофитна научна установа која врши научно-истражувачка дејност во областа на родовите студии и студиите на културата, општествената филозофија и подрачјето на студии на политиките.

Член 3

Називот на институтутот е ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ ОД СКОПЈЕ на кирилица и INSTITUTE IN SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES FROM SKOPJE на латиница (на англиски јазик).
Седиштето на Институтот е во Скопје на ул. 20-ти Октомври бр. 8/спрат 2.

Член 4

Институтот за општествени и хуманистички науки од Скопје е основан на неопределено време. До прекин со работа на Институтот може да дојде само по сила на законските акти или со договор помеѓу Основачите.

Член 5

Институтот за општествени и хуманистички науки од Скопје е непрофитна установа и има својство на правно лице и во правниот промет со трети лица во државата и во странство настапува самостојно, а за превземените обврски одговара со сите свои средства.

Член 6

Институтот се запишува во соодветните регистри на надлежните органи на Република Северна Македонија

Член 7

Институтот има свој печат, штембил и свој заштитен знак.
Печатот има форма на круг, на кој стои тектсот Институт за општествени и хуманистички науки од Скопје и покрај кој е означено место за број и дата на актот што се заведува.

Штембилот има форма на правоаголник и во него стои текст кој гласи: Институт за општествени и хуманистички науки од Скопје

Знакот на Институтот за општествени и хуманистички студии од Скопје е заштитен како трговска марка.

## II. ДЕЈОСТ НА ИНСТИТУТОТ

Член 8

Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје врши истражувања во полето на општествените и хуманистичките науки.

Институтот врз основа на член 23 од Законот за високото образование ( Сл весник на РМ. 82/18 и „СЛ весник на РСМ" бр. 178/21) може да врши високообразовна дејност за студии од втор и трет циклус во рамките на научната област за која е основан, согласно условите предвидени во Законот.

Член 9

За вршење на научно-истражувачката дејност Институтот донесува годишна програма за работа која ги обврзува сите органи на Институтот.

Член 10

Научниот совет на Институтот со посебни акти ја организира научно-истражувачката дејност во Институтот.

## III. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 11

За неговата работа Институтот за општествени и хуманистички науки од Скопје осигурува средства од домашни и меѓународни фондации во вид на грантови за истражувања, како и од проекти обезбедени по пат на конкурирање на повиците на Министерството за образование и наука за финансирање научни проекти, како и оние на Рамковната програма 7 (FP7 RDG). Обезбедува средства и од партнерски проекти со домашни и меѓународни институти, организации и агенции, во вид на наплата на услуги кои ги нуди и кои се во делот на на научно-истражувачката дејност на институтот, авторски права, патенти, подароци, донации, легати, завештанија, прилози и од други извори определени со закон.

Член 12

Основачите на Институтот одговараат за долговите на Институтот на начин и под услови утврдени со законите на државите. Вишокот на средства остварен од работењето на установата Основачите ќе го вложат во развивање на институтот.

Член 13

Вишокот на средства остварен од работењето на установата Основачите го вложуваат во развојот на институтот според начинот утврден во договорот за заедничко основање на установата.

## III. ОГРАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ИНСТИТУТОТ

Член 11

Неговата дејност Институтот ја врши преку следната организациона поставенот:

1. Научно-истражувачки оддели
- Оддел за родови студии и студии на култура
- Оддел за општествена филозофина
- Оддел за студии на политиките

2. Оддел за академска извонредност на универзитетски кадри и научни работници: Годишни научни семинари, симпозиуми, летни школи, зимски колоквиуми и конференции

3. Библиотека и електронска архива

4. Оддел за издавачка дејност (првенствено стручни списанија)

Член 12

Извршниот директор со посебен општ акт поблиску ја уредува организацијата на работата на Институтот, како и називот на работните места, распределбата и кадровската потреба на работните места, условите за работа и работните задачи за секое работно место.

Член 13

Програмскиот директор ги координира истражувачките проекти на Институтот и се грижи за нивно доследно реализирање како и за доследно спроведување на целината на зацртаната програма за работа, во соработка со носителите на посебните оддели кои ја вршат научно-истражувачката дејност и го заменува Извршниот директор.

Административниот директор се грижи за навремено и ефикасно одвивање на административните работи на Институтот.

## IV. ОРГАНИ НА ИНСТИТУТОТ

Член 14

Органи на Институтот за општествени и хуманистички науки од Скопје се:

- Собранието на основачи,
- Извршниот директор и
- Научниот совет.

Член 15

Основачите на институтот го сочинуваат Собранието на институтот. Собранието на основачи е највисок орган на Институтот и ги има следните надлежности:

- го донесува Статутот на Институтот;
- одлучува за промена на договорот за основање;
- одлучува за дејноста на Институтот, можното проширување или промена на истата;
-одлучува за промените во врска со седиштето и називот на Институтот;
- го именува и разрешува извршниот директор на Институтот;
- одлучува за воведување нови форми на организирање на институтот во вид на ограноци или организациони тела;
- одлучува за статутни промени на институтот;
- го усвојува годишниот план на Институтот како и годишните извештаи за работата на Институтот;
- го усвојува годишниот извештај и годишната сметака;
- одлучува за членство на институтот во меѓународни асоцијации и организации;
- донесува други општи акти на институтот.

Член 16

Основачите одржуваат редовна седница на Собранието два пати годишно.
Редовната седница ја свикува Извршниот директор на Институтот или еден од основачите ако истата не е свикана од страна на Директорот.
Седниците се одржуваат редовно во последната недела на месец мај и последната недела од февруари.
Вонредна седница на Собранието се одржува по потреба ако се појавиле прашања за кои Собранието е овластено да одлучува.
Седница на собранието се закажува со писмено известување пратено преку електронска пошта или обична пошта, најмалку една недела пред одржување на седницата. Во определени ситуации кои изискуваат итност и кога итната средба е реално можно да се реализира, не е неопходно да се чека да измине рокот од 7 дена од закажувњето на седницата.

Член 17

Со седницата на Собранието претседава еден од Основачите кој ротира секоја година според азбучен ред на името на основачот.

Претседавачот раководи со седницата на Собранието.

Записничар на седниците на Собранието е претходниот претседавач на Собранието.

Записникот го потпишуваат председавачот на Собранието и записничарот, после усвојување на истиот со мнозинство на гласови.

Одлуките на Собранието ги потпишува Претседавачот на Собранието.

Член 18

Собранието одлучува во врска со прашањата предложени во дневниот ред на седницата на Собранието.

Собранието може да одлучува и во врска со прашања кои се предлагаат за време на седницата а кои не се утврдени со дневниот ред, на Собранието ако се присутни сите основачи и ниту еден од нив не се спротивставува на тие прашања.

Член 19

Собранието може да работи ако на неа се присутни повеќе од половина од вкупниот број на Основачи.

Во случај на спреченост, член на Собранието може да ополномошти друг член да го претставува на седницата или да одлучува на негово место.

Собранието одлучува со мнозинство на гласовите на присутните членови на Собранието.

Член 20

Гласањето на Собранието е јавно, а по барање на некој нејзин член, за одредени прашања може да се гласа и тајно.

Членовите на Собранието имаат право на по еден глас.

Член 21

Извршниот директор управува со Институтот. Собранието го именува Извршниот директор со мандат од 4 години со можност на разрешување или преизбор.

Член 22

Извршниот Директор ги има следниве надлежности:

- го застапува Институтот во правниот промет во државата и во странство;
- е овластен потпишувач на службените документи на Институтот;
- одговара за законитоста на работата на Институтот;
- донесува акти за организација на вработените во определените полиња на истражувачката дејност, во согласност со одлуките на Научниот совет кога станува збор за работни места поврзани со научните звања и програмските одлуки на Советот;
- ги координира и организира сите управни работи во врска со функционирање на Институтот во соработка со Програмскиот директор;
- заедно со Научниот совет раководат со истражувачката дејност на Институтот;
- одлучува за ангажирање на нови лица во Институтот;

- ги назначува раководните лица во склоп на внатрешната организациона поставеност на Институтот согласно препораките на Советот;
- за статутарните раководни позиции донесува одлуки согласно препораките на Собранието на основачи;
- води сметка за финансиското раководење на проектните средства за истражувачката дејност;
- ги подготвува седниците на Собранието;
- овозможува спроведување на проектите, одобрени од страна на Научниот совет или раководните лица на одделите;
-предлага до Основачите промена или надополнување на дејноста на Институтот;
-одлучува во врска со други работи поврзани со управувањето со Институтот преку одлуки, решенија, насоки, упатства и др.

Член 23

Извршниот директор може, пред истекот на неговиот мандат да поднесе оставка во писмена форма до Собранието заедно со образложение за оставката. Собранието во времетраење од 30 дена треба да назначи нов Извршен директор. Во овој период Програмскиот директор ја врши должноста на Извршен директор.

Член 24

Извршниот директор може да биде разрешен од страна на Собранието ако Собранието утврди дека:

- со неговите дела ги крши законот и другите акти на Институтот
- го злоупотебува неговото работно место за лични или други цели
- непрофесионално ја извршува функцијата со што штети на успешноста на Институтот и неговиот академски углед
- поради други причини, законски или од личен карактер не е во можност да ги извршува неговите задачи.

Член 25

Научниот совет на Институтот, заедно со директорот се главните органи на управување со Институтот. Основачите формираат Научен совет согласно условите определени со Законот за научно-истражувачката дејност и Законот за установите. Научниот совет го сочинуваат вработените и ангажираните лица во Институтот кои се стекнале со научни звања.

Член 26

Советот е составен од сите лица ангажирани во Институтот кои се стекнале со научни звања. Одлуките на Научниот совет се донесуваат со мнозинство на гласови на членовите

на Советот и со нив се управува целокупната работа на Институтот. Седниците на Советот ги свикува Извршниот директор според сопствена одлука или по барање на мнозиството членови на Советот.

Член 27

Научниот совет на Институтот ги има следниве надлежности:

-заедно со Извршниот директор управуваат и раководат со Институтот

-заедно со Извршниот директор ги донесуваат главните управувачки акти на Институтот

-предлага програми и проекти за истражување

-одлучува во врска со истражувачките проекти и програми на Институтот

-врши избор во научни звања

-презема мерки за усовршување на целокупните услови за истражување на Институтот

-одлучува во врска со други работи кои се однесуваат на научната дејност

## V. ИЗБОР ВО НАУЧНИ ЗВАЊА

Член 28

Научниот Совет избира научно-истражувачки работници во соработнички и научни звања.
Соработнички звања се: помлад асистент-истражувач и асистент-истражувач.
Научни звања се: наулен соработник, виш научен соработник и научен советник.

Член 29

Научно звање помлад асистент-истражувач може да добие лице со завршено високо образование и постигнат просечен успех на студиите од најмалку осум и поседува способности за научни истражувања.

Научно звање асистент истражувач може да добие лице кое има завршено магистерски студии и има докажано искуство во научно-истражувачката дејност.

Научно звање научен соработник може да добие лице кое има докторат на науки одобласта на Институтот на која се избира и има објавено трудови од научен карактер, применувајќи ги резултатите од наулните истражувања.

Научно звање виш научен соработник може да добие лице кое има докторат на науки одобласта на Институтот на која се избира, има објавено рецензирани трудови, има учествувано на научно-истражувачки проекти и има придонесено во оспособување на млади кадри.

Научно звање научен советник може да добие лице кое има докторат на науки одобласта на Институтот на која се избира, има објавено рецензирани трудови кои се влијателни за науката и праксата, има учествувано на научно-истражувачки проекти во својство на главен истражувач и има придонесено во оспособување на млади кадри.

Член 30
На научно звање помлад асистент-истражувач лицето се избира до најмногу четири години, без право на реизбор.

На научно звање асистент-истражувач лицето се избира за времетраење од четири години, со право на преизбор и засновање на работен однос за уште две години.

На научно звање научен соработник, виш научен соработник и научен советник лицето се избира за времетраење од пет години.
Ако лицето со звање научен соработник или виш научен соработник при изборот не се избира на повисоко место, се гласа повторно за звањето во кое се наоѓа.
Лицето на научно звање научен советник, по првиот преизбор, не се преизбира.

Член 31
За избор или преизбор во научни звања и во звањето асистент-истражувач лицето кандидат поднесува барање до Институтот или аплицира на конкурсот кој го објавува Институтот најдоцна во рок од шест месеци пред истекот на роковите од претходниот член на овој Статут.

Член 32
За избор или преизбор во научни звања и во звањето асистент-истражувач одлучува научниот совет на Институтот врз основана оценка од страна на Рецензиона комисија

Член 33
Рецензионата комисија ја формира научниот Совет на институтот. Таа се состои од најмалку три члена кои се од редовите на научните работници на Институтот или од други научни установи и кои доаѓаат од истата научна област во која се избира кандидатот. Членовите на комисијата мора да бидат во повисоки звања од кандидатот.

Рецензионата комисија нејзиниот извештај треба да го достави најдоцна во рок од два месеци од нејзиното формирање.
Извештајот содржи биографски податоци за кандидатот,оцена за исполнетоста на законските услови за избор во научно звање како и оцена за научната работа на кандидатот.
Извештајот се објавува од страна на Институтот на неговата интернет страница 15 дена пред денот на избор.

Постапката за избор и реизбор во научни звања или во звање асистент-истражувач може да трае најмногу до шест месеци.

## VI. ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС И АНГАЖИРАЊЕ ВО ИНСТИТУТОТ

Член 34

Лицето избрано во едно научно звање може да биде избран во повисоко звање по предлог на Советот и Извршниот директор или по иницијатива покрената од самиот кандидат.

За да биде избран во повисоко звање кандидатот мора да ги исполнува законските услови и да има поминато повеќе од половина време во звањето во кое се наоѓа.

Член 35

Работен однос во Институтот можат да зановаат лицата кои се избрани во научни и соработнички звања, како и други лица кои вршат адмнистративна и друга дејност за потребите на непречено и законско функционирање на Институтот. Работен однос во Институтот може да се заснова на полно или скратено работно време, од кој однос лицата ги остваруваат нивните права и обврски од работен однос врз основа на Законот за работни однос и склучениот договор со Институтот.

За потребата од засновање работен однос одлучува директорот на Институтот по претходно мислење од страна на Програмскиот директор или Советот.

Член 36

Лицата кои се избрани во научни звања во Институтот се ангажираат во научно-истражувачката денјост според годишниот план на Институтот и добиваат награда која се одредува со правилник за наградување.

Член 37

Во извршување на научно-истражувачката дејност Институтот може да ангажира и научни работници од други инситуции или од странство согласно договорот за соработка склучен помеѓу Институтот и научниот работник.

Истотака во научно-истражувачката дејност во Институтот може да се ангажираат истакнати работници експерти кои немаат научни звања а кои можат да дадат особен придонес во одредени науни полиња.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

За транспарентноста во работата на Институтот и неговата работа се грижи Извршниот директор како и останатите негови органи. Транспарентноста во работењето на Институтот се обезбедува преку редовни извештаи за програмите и поректите како и преку годишниот извештај кои се публикуваат во интернет страницата на Институтот.

Член 39

Покрај Статутот, во Институтот се донесуваат следниве општи акти:

- Правилник за општата постапка за извршување на научно-истражувачката дејност во Институтот;

- Правилник за внатрешно организирање на Институтот во истражувачки оддели;
-Правилник за избор во научни и соработнички звања;
-Правилник за систематизација на работни места;

Институтот може да донесува и други општи акти поврзани со неговата работа како научно-истражувачка установа. Општите акти се носат во рок од шест месеци од донесувањето на Статутот.

Член 40

За изменување или дополнување на Статутот одлучуваат Основачите на Институтот со одлука. Измените на Статутот стапуваат во сила на денот на нивното донесување. Ако измените се однесуваат на податоците кои се запишуваат во Централниот регистар, Оснивачите се одговорни за нивно поднесување до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 41

Овој Статут стапува во сила на денот на неговото донесување.

ПОТПИСИ НА ОСНОВАЧИТЕ НА ИНСТИТУТОТ

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ